# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13 и 154/15), во членот 90 став (1) зборовите: „2.000 до„ се бришат, а по зборот „лице" се додаваат зборовите: „,односно трговец поединец".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно трговец поединец, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, односно трговец поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 2**

Во членот 91 став (1) зборот „одговорното" се заменува со зборот „службеното".

**Член 3**

Во членот 92 зборот „одговорното" се заменува со зборот „службеното".

**Член 4**

Во членот 94 став (1) зборовите: „2.000 до„ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на носителот на платниот промет, ќе му се изрече на одговорното лице во носителот на платниот промет."

**Член 5**

По членот 94 се додава нов член 94-а, кој гласи:

**„Член 94-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоци."

**Член 6**

Во членот 95 зборовите: „парични казни" се заменуваат со зборот „глоби".

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".